Акционерско друштво за осигурување
ГРАВЕ
Бр. 2022 0201-536/5
29 06 2022 год.
СКОПЈЕ

# Општи услови на рентно осигурување ЛВ 90800

**Содржина**

Член 1 Договор за рентно осигурување
Член 2. Предмет на осигурување
Член 3 Траење и почеток на осигурувањето
Член 4 Период на одложеност
Член 5 Вид на рентно осигурување
Член 6 Обврски на договарачите на осигурувањето , на осигуреникот и корисникот на осигурување
Член 7 Обврски на осигурувачот
Член 8. Исплата на рента
Член 9 Валутна клаузула
Член 10 Учество во добивката
Член 11 Откуп
Член 12 Изјави кои се однесуваат на договорот за рентно осигурување
Член 13 Пријава на промена на адреса на договарачот на осигурувањето
Член 14 Корисници на осигурувањето во случај на смрт на осигуреникот
Член 15 Решавање на спорови
Член 16 Застареност
Член 17 Заштита на потрошувачи
Член 18 Доверливост на информациите
Член 19 Заштита на лични податоци
Член 20 Надзор над друштвото за осигурување
Член 21 Изјава за информираност
Член 22 Завршни одредби

**Воведни одредби:**
Поедини поими во овие Општи услови на рентно осигурување (во понатамошниот текст: Општи услови ) го имаат следново значење:

**Осигурувач** : Акционерско друштво за осигурување ГРАВЕ СКОПЈЕ , ул.Пиринска 23 Скопје

**Договарач на осигурувањето**: Физичко или правно лице кое кое со осигурувачот склучило договор за рентно осигурување.

**Прв осигуреник(примач на рента)**: Лице кое како такво е наведено во понудата и на кое му се исплатува рента и од чиј живот или смрт зависи исплатата на рентата.

**Втор осигуреник** : Лице на кое му се исплатува рента по смрт на првиот осигуреник кај договорената рента со гарантиран период на исплата и пренос на вториот осигуреник.

**Корисник на рента:** Лице на кое му се исплатува надомест од рентното осигурување во случај на смрт на осигуреникот .

**Период на одложеност** : Период од склучување на договорот за рентно осигурување до почеток на исплата на рентата, односно период во кој осигуреникот нема обврска за исплата на рента.

**Гарантиран период:** Договорен период во кои осигурувачот има обврска за исплата на рента без оглед дали во во тој период настапила смрт на осигуреникот .

**Рента:** Договорен паричен износ кој осигурувачот му го исплатува на осигуреникот /корисникот во договореното временско растојание , почнувајќи од договорениот датум од почеток на исплата на рентата.

**Полиса за осигурување:** Исправа за склучен договор за рентно осигурување.

**Член 1**
**Договор за рентно осигурување**

1.Понудите, сите пишани додатоци на понудата, полисата и договорените услови за осигурување, се составен дел од договорот за рентно осигурување (во понатамошниот текст : договор за осигурување).
1.Договарачот на осигурувањето поднесува понуда за склучување на договор за осигурување на образецот на осигурувачот.
Договарачот на осигурувањето е должен на сите прашања во понудата упатена на осигурувачот да одговори точно и во целост и да му ги пријави на осигурувачот, при склучување на договорот , сите околности кои се од значење за процена на ризикот , а кои му се познати или не можеле да му останат непознати. Ако договарачот на рентното осигурување и осигуреникот не се исто лице , договарачот на рентното осигурување е одговорен за точноста и потполност на податоцте кои се однесуваат на осигуреникот, а за полноважност на договорот потребен е и потпис на осигуреникот , освен ако осигурениот е малолетно лице.
4.Пишаната понуда која е составена за осигуреникот за склучување на договор за рентно осигурување се врзува за понудувачот, ако тој не одредил краток рок за време од осум дена од денот кога понудата доспева до осигурувачот, а доколку е потребен лекарски преглед, тогаш за време од триесет дена. Ако осигурувачот во тој временски период не ја одбие понудата која не оттсапува од условите под кои тој го врши предложеното осигурување , ќе се смета дека ја прифатил понудата и дека договорот е склучен. Доколку е потребен лекарски преглед, извештајот на лекарскиот преглед е составен дел од понудата. Понудата се смета за целосна кога сите потребни документи ќе бидат примени од страна на осигурувачот.
Првиот и вториот осигуреник во согласност со Општите услови на рентно осигурување може да бидат лица кои навршиле 15 години живот.

**Член 2**
**Предмет на осигурување**

1.Договарачот на осигурување се обврзува да ја плати премијата однапред во еднократен износ, а осигурувачот се обврзува да ја исплати рентата според динамика и траење кое е одредено со договорот за осигурување.
2.Договарачот на осигурување има можност да склучи договор за осигурување со пренос на надоместот или делот од надоместот од истечениот договор за осигурување на живот.
3.Вкупната рента која му се исплатува на осигуреникот ја сочинуваат загарантираната рента и ГРАВЕ бонус рентата.
4.Загарантираната рента е договорен износ кој не се менува во текот на траење на договорот за осигурување.
5.ГРАВЕ бонус рентата е пропишана добивка и влијае врз зголемувањето и намалувањето на вкупната рента.
6.Договарачот на осигурувањето може да договори рентно осигурување во облик на доживотна или привремена рента.
7.Траењето на привременета рента е најмалку 5 и најмногу 20 години

**Член 3**

**Траење и почеток на осигурување**

1.Траењето на осигурувањето е одредено со договорот за осигурување.
2.Почетокот на осигурувањето секогаш е првиот ден во наредниот месец , кој во полисата е наведен како почеток на осигурувањето.
3. Периодот на гарантираната исплата на рента почнува на денот кој во полисата е наведен како почеток на осигурувањето.

**Член 4**

**Период на одложеност**

Периодот на одложеност на почеток на исплата на рентата не може да биде подолг од 12 месеци.

**Член 5**

**Вид на рентно осигурување**

Договарачот на осигурување може да ги склучи следниве видови на рентно осигурување:

1.Доживотна рента со поврат на капиталот

Осигурувачот ја исплатува рентата до смртта на осигуреникот. Во случај на смрт на осигуреникот , или на корисниците на осигурувањето, или доколку корисниците на осигурувањето не се наведени, на законските наследници, им се исплатува разликата меѓу уплатената премија и збирот на исплатени ренти до смртта на осигуреникот .Ако збирот на исплатени ренти пред смртта на осигуреникот е поголем од уплатената премија, на корисниците на осигурувањето, или ако корисниците на осигурувањето не се наведени, законските наследници, не добиваат поврат на капиталот во случај на смрт на осигуреникот.

2.Доживотна рента со гарантиран период на исплата и пренос на другиот осигуреник.
Осигурувачот ја исплатува рентата до смртта на првиот осигуреник. Ако првиот осигуреник почине пред вториот осигуреник во текот на траење на гарантираниот период на исплата на рента , осигурувачот ја исплатува рентата на вториот осигуреник во износ од 100% од вкупната рента сѐ до истекот на гарантираниот период , а по истек на гарантираниот период во износ од 60% од вкупнта рента сѐ до неговата смрт. Ако првиот осигуреник почине по истек на гарантираниот период на исплата на рента , осигурувачот исплатува рента во износ од 60% од вкупната рента на вториот осигуреник , сѐ до неговата смрт. Ако првиот и вториот осигуреник починат во текот на гарантираниот период на исплата на рентата , рентата ќе им се исплаќа на корисниците на осигурувањето кои ги одредува договарачот на осигурувањето или, ако корисниците на осигурувањето не се наведени,тогаш на на законските наследници во износ од 100% од вкупната рента сѐ до истек на гарантираниот период. По истек на гарантираниот период престанува исплата на вкупната рента на корисниците на осигурување или ако корисниците на осигурување не се наведени тогаш на законските наследници.Кај доживотната рента со гарантиран период на исплата и пренос на вториот осигуреник, гарантираниот период на исплата е 10 години.

3.Привремена рента со поврат на капитал:

Во случај на смрт на осигуреникот пред истек на договореното траење на исплата на рентата , разликата меѓу уплатената премија и збирот на уплатени ренти до смртта на осигурениот, ќе им се исплати на корисниците на осигурувањето, а во случај кога корисниците на осигурувањето не се наведени , тогаш на законските наследници. Ако збирот на исплатените ренти пред смртта на осигуреникот е поголем од уплатената премија, корисниците на осигурувањето или, ако корисниците на осигурувањето не се наведени , законските наследници, не добиваат поврат на капиталот во случај на смрт на осигуреникот.

4.Привремена рента со гарантиран период на исплата и пренос на вториот осигуреник:

Осигурувачот ја исплатува рентата до смртта на првиот осигуреник, но најдоцна до истек на периодот на кој е договорена исплатата на рентата. Ако првиот осигуреник почине пред вториот осигуреник во текот на траење на гарантираниот период на исплата на рента, осигурувачот ја исплатува рентата на вториот осигуреник во износ од 100% од вкупнта рента сѐ до истек на гарантираниот период , а по истек на гарантираниот период во износ од 60% од вкупната рента, но најдоцна до истек на периодот на кој е договорена исплатата на рента. Ако првиот и вториот осигуреник починат во текот на гарантираниот период на исплата на рента, рентата ќе се исплатува на корисниците на осигурување кои ги одредува договарачот на осигурување, или ако корисниците на осигурување не се наведени , тогаш на законските наследници во износ од 100% од вкупната рента сѐ до истек на гарантираниот период. По истек на гарантираниот период престанува исплата на вкупната рента на корисниците на осигурување или ако корисниците на осигурување не се наведени тогаш на законските наследници.

Кај привремената рента со гарантиран период на исплата и пренос на вториот осигуреник , гарантираниот период на исплата изнесува половина од договореното траење на договорот за рентно осигурување.

**Член 6**

**Обврски на договарачот на осигурување , осигуреникот и корисниците на осигурувањето**

1.Договарачот на осигурување должен на осигурувачот при склучување на договорот да ги пријави сите околности кое се од значење за оцена на ризикот , ако му биле познати или не можеле да му останат непознати.

2..Ако договарачот на осигурувањето намерно направи неточна пријава или намерно премолчи некоја околност од таква природа поради која осигурувачот не би склучил договор ако знаел за вистинската состојба на работите , осигурувачот може да бара поништување на договорот за осигурување .Правото на осигурувачот да бара поништување на договорот за осигурување престанува ако тој во рок од три месеци од денот на сознанието за неточност на пријавата или за премолчување на изјавата на осигурувачот за осигурување дека има намера да го користи тоа право.

3.Ако договарачот на осигурувањето направил неточна пријава или пропуштил да го даде должното образложение, а тоа не го направил намерно , осигурувачот може , по свој избор, во рок од еден месец од денот на сознанието за неточност или непотполност на пријавата , да го раскине договорот или да предложи зголемување сразмерно на поголемиот ризик.

4.Ако дојде до смрт на осигуреникот, корисникот на осигурувањето е должен за тоа да го извести осигурувачот во најкраток можен рок и да поднесе барање за исплата на рентата. Корисникот на осигурувањето е должен при пријава да предаде извод од матичната книга на умрените , потврда за смртта , фотокопија на важечката лична карта или пасош и фотокопија од картичката на динарската или на девизната сметка. Осигурувачот има право да бара и други потребни докази за утврдување на правото на корисникот.

5.Во случај кога корисник на рентата е малолетно лице , осигурувачот има право да ја одложи исплатата на рентата до утврдување на старателот , односно законскиот наследник на малолетното лице.

**Член 7**

**Обврски на осигурувачот**

1.Осигурувачот има обврска рентата да ја исплатува однапред , во почетокот на секој месец, најдоцна до 14-тиот ден во месецот, во евра или во динари , во зависност од тоа дали премијата е платена во евра или во динари и во согласност со договорената динамика на исплата.

2.Можно е да се договори следнава динамика на исплата на рента: годишно, полугодишно, тромесечно и месечно.

3.Осигурувачот не е должен да изврши исплата на рента ако постои основано сомнение дека осигуреникот починал, односно ако не може да утврди дека и понатаму тече раскинувачкиот услов за исполнување на договорената обврска. Во случај кога осигурувачот ја исплатил месечната рата по смртта на осигуреникот, го задржува правото од лицето кое ја примило рентата да бара враќање на исплатените ренти кои се однесуваат на периодот по смртта на осигуреникот освен за ренти кои се исплатени во гарантираниот период , во случај ако е договорена рента со гарантиран период на исплата.

4.Осигурувачот го задржува правото во секој момент да побара доказ дека осигуреникот е сè уште жив.

**Член 8**

**Исплата на рента**

1.Висината на износот на рентата спогодбено ја утврдуваат осигурувачот и договарачот на осигурувањето врз основа на техничките основи на рентно осигурување, полот, пристапната вредност на осигуреникот , уплатената премија и договореното траење на исплата на рентата.

2.Износот на загарантирана рента за исплата не може да биде помал од 50 евра без оглед на договорената динамика на исплата.

3.Договорот за осигурување се склучува и се пресметува во евра.

**Член 9**
**Валутна клаузула**

Исплатата се врши во денари на сметка на примачот на рентата. Пресметката на премијата и пресметката на рентата се врши во денарска противвредност на евра според средниот курс на НБРМ на денот на уплатата.

**Член 10**
**Учество во добивката**

1.Рентното осигурување спаѓа во во групата на осигурувања на кои им се припишува добивка.

2. Добивката се припишува во текот на траење на исплата на ренатата во вид на учество на приносот на вложување на средства за рентното осигурување. За пресметка на вкупната рента се користи каматна стапка чиј износ е дефиниран со Одлука на Одборот на директори на Друштвото. Основа за пресметка на загарантираната рента е техничката каматна стапка.

3.Каматната стапка за пресметка на ГРАВЕ бонус рентата претставува разлика између каматната стапка за пресметка на вкупната рента и техничката каматна стапка.

4. Висината на ГРАВЕ бонус рентата зависи од остварените приноси на вложување на средства за рентно осигурување и поради тоа може да дојде до зголемување или намалување на ГРАВЕ бонус рентата.

**Член 11**
**Откуп**

1.Откуп е можен по истек на првата година од осигурувањето.
2.Кај договорената рента со гарантиран период на исплата и пренос на вториот осигуреник, откупот е исклучиво можен во текот на траење на гарантираниот период и под услов збирот на исплатени ренти да не ја премине висината на еднократно уплатената премија.
3.кај договорената рента со поврат на капитал, откупот е можен под услов збирот на исплатени ренти да не ја преминува висината на еднократно уплатената премија.
4. Откупната вредност е паричен износ кој осигурувачот е должен да му го исплати на договарачот на осигурувањето во случај на привремено раскинување на договорот за рентно осигурување, во согласност со табелата на откупни вредности на полисата која е составен дел на договорот за рентно осигурување ,а со која договарачот е запознаен при склучување на осигурувањето.
5.Право да бара откуп има само договарачот на осигурувањето.

**Член 12**
**Изјави кои се однесуваат на договорот за рентно осигурување**

Во текот на траење на осигурувањето сите изјави кои се однесуваат на договорот за осигурување , договарачот на осигурувањето има обврска да му ги достави на осигурувачот во писмена форма и со потпис на договарачот на адреса на седиштето на осигурувачот или во скениран облик преку електронска пошта.

**Член 13**
**Пријава на промена на адреса на договарачот на осигурувањето**

1. Во случај договарачот на осигурувањето да го смени живеалиштето должен е веднаш , преку писмен пат и со потпис на договарачот да го извести осигурувачот и да му достави нова адреса. Во спротивно , сите известувања на осигурувачот ќе бидат пратени на последната позната адреса на договарачот на осигурувањето.
2. Во случај на промена на живеалиштето надвор од Република Македонија, договарачот на осигурувањето има обврска да именува полномошник во Република Македонија.

**Член 14**
**Корисници на осигурување во случај на смрт на осигурениците**

1. Договарачот на осигурувањето го одредува првиот осигуреник, вториот осигуреник кај рента со гарантиран период на исплата и пренос на вториот осигуреник, и корисници на рента во случај на смрт на осигурениците.
2. Ако договарачот на осигурувањето не одреди корисници за осигурување во случај на смрт на осигурениците, корисници на осигурувањето се законските наследници.
3. Договарачот на осигурувањето може во секој момент да ги смени корисниците на осигурувањето , но должен е за тоа да го извести осигурувачот.
4. Кај договорите за рентно осигурување промени на првиот и вториот осигуреник не се можни.

**Член 15**
**Решавање на спорови**

1.Договорните страни сите спорови кои ќе произлезат од договорот за осигурување или во врска со овој договор за осигурување и сите негови дополнителни измени и дополнувања , вклучувајќи ги и споровоте кои се однесуваат на прашања на неговото полноважечко настанување, повреди, или престанок или толкување , првенствено ќе проба ат да се решат спогодбено, според интерниот акт на осигурувачот со кој се уредува постапката за заштита на правата и интересите на корисникот на услугите на осигурување.

2. Ако договорните страни не го решат спорот на начин опишан во претходниот став, за решавање на сите спорови се договара месна надлежност на стварно надлежниот суд во Скопје.

**Член 16**
**Застареност**

Побарувањата од договорот за рентно осигурување застаруваат според Законот за облигациони односи.

**Член 17**
**Заштита на потрошувачи**

Во случај кога договорувачот, осигуреникот, односно корисникот на осигурувањето смета дека осигурувачот не се придржува кон одредбите од договорот за осигурување, истиот може да достави претставка со цел вонсудско решавање на настанатиот спор до:

- Соодветна организациона единица надлежна за решавање на спорови меѓу договорни страни во рамките на друштвото за осигурување;
- Служба за внатрешна ревизија во друштвото за осигурување;
- Организација за заштита на потрошувачи, и
- Агенција за супервизија на осигурување

Заемната согласност помеѓу осигурувачот и подносителот на претставката постигната во вонсудска постапката ќе биде во форма на меѓусебна спогодба.

**Член 18**
**Доверливост на информациите**

Осигурувачот е должен да го почитува принципот на доверливост на информациите кои се достапни во процесот на постапување со претставките

**Член 19**
**Заштита на лични податоци**

Договарачот на осигурувањето – физичко лице, односно осигуреникот, му дозволува на осигурувачот согласно прописите што го регулираат осигурувањето, правата на потрошувачите и заштитата на личните податоци, да ги обработува неговите лични податоци од Договорот за осигурување во земјата и во странство. Осигуреникот му дозволува на осигурувачот за потребите за спроведување на договорот за осигурување да собира и обработува податоци за неговата здравствена состојба во земјата и во странство, вклучувајќи со тоа и овластените лица на осигурувачот да ја обработуваат здравствената документација на осигуреникот, да ги доставуваат податоците до осигурувачот, како и да вршат проверка на точноста и промените на личните податоци во здравствените установи и кај други правни и физички лица кои располагаат со тие податоци.

Договарачот на осигурувањето – физичко лице, односно осигуреникот, му дозволува на осигурувачот и на неговиот договорен обработувач на личните податоци, во согласност со прописите што ја регулираат заштитата на личните податоци, да ги користи личните податоци од првиот став на овој член само за потребите за спроведување на договорот за осигурување. Договарачот на осигурувањето само со давање на изречна согласност може да му дозволи на

осигурувачот согласно со прописите што ја регулираат заштитата на личните податоци, да ги користи личните податоци од првиот став на овој член, освен податоците за здравствената состојба, во цели за обработка и непосреден маркетинг за себе и поврзани друштва во земјата и во странство.

Договарачот на осигурувањето - физичкото лице, може да побара информација за обработката на неговите лични податоци, целите и правната основа на обработката на личните податоци на веб-страницата на осигурувачот.

Договарачот на осигурувањето – физичко лице, односно осигуреникот, може дозволата од претходниот став на овој член во секој момент бесплатно, трајно или привремено да ја отповика со писмено барање, пратено на адреса на осигурувачот.

Личните податоци од став 1 и 2 од овој член, освен податоците за здравствената состојба, можат да ги обработуваат и овластени лица за застапување и посредување, како и договорните обработувачи на лични податоци.

Осигурувачот ги чува личните податоци во согласност со прописите за заштита на личните податоци и интерните акти за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

**Член 20**
**Надзор над друштвото за осигурување**

Надзорно тело надлежно за надзор на осигурителното друштво е Агенцијата за супервизија на осигурување.

**Член 21**
**Изјава за информираност**

Договарачот на осигурувањето/осигуреникот со потписот на понудата изречно потврдуваат дека при склучувањето на договорот за осигурување, од страна на осигурувачот писмено се известени за сите податоци согласно членовите од Законот за супервизија во осигурувањето и дека пред склучувањето на осигурувањето им е оставено разумно време за донесување на конечна одлука за склучување на Договорот за осигурување. Согласно ова, договарачот/осигуреникот со потписот на понудата потврдуваат дека се известени и за правото за поднесување на претставка.

**Член 22**
**Завршни одредби**

Во случај на спор за пресудување е надлежен стварно и месно надлежниот суд на Република Северна Македонија во седиштето на осигурувачот.

За односите меѓу осигурувачот и договарачот кои не се уредени со овие Општи услови, се применуваат законските одредби.

Осигурувачот ќе го извести договарачот за сите промени во согласност со законските прописи.

Договарачот е должен без одлагање да го извести осигурувачот за секоја промена на своето име или презиме, односно назив на фирмата, доколку договарачот е правно лице, како и за адресата на фактичкото живеалиште, односно седиште на фирмата, доколку договарачот е правно лице.

Овие услови влегуваат во сила и ќе се применуваат од 01.07.2022 година.